**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

УП бр. 1310-11
Бр.на постапка 57013
Од 12.01.2024 год.
Велес

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 51 од Статутот на Општина Велес, (Сл. Гласник 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), Градоначалникот на Општина Велес го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ
## за организирање на јавен увид по

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 семејни куќи за времен престој - викенд куќи на КП 17553 и КП 17552/2 КО Велес, Општина Велес.

Граници на опфатот за КП 17553 и КП 17552/2 КО Велес се:

- на север граничи со соседни парцели КП 17554 и КП 17557;
- на запад граничи со соседната парцела КП 17561;
- на југ граничи со соседните парцели КП 17562, КП 17563 и КП 17552/1;
- на исток граничи со соседната парцела КП 17551/1 каде што постои земјен пристапен пат до проектниот опфат.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 1879м2 или 0,19 ха.

Јавниот увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 семејни куќи за времен престој - викенд куќи на КП 17553 и КП 17552/2 КО Велес, Општина Велес, Општина Велес ќе трае 15 дена, од 12.01.2024 до 26.01.2024 година, на службената веб страна на Општина Велес (www.veles.gov.mk).

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења.

Градоначалник на
Општина Велес
Марко Колев